Скопска војна област
на Н. О. В. и П. О. на Југославија
Воена цензура
Бр 13
4-II-1945 г.
— СКОПЈЕ —

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

ИСТОРИСКИ МУЗЕЈ НА ... СКОПЈЕ

1

2879
8692

ДО КОМИСАРИТЕ НА ВОЙНИТЕ
ЕДИНИЦИ И ВОЙНИТЕ ЦЕНЗУРИ

Во врска со Уредба на война цензура,издадена от Врховниот Штаб на НОВ и ПОЙ се образува война цензура за цела ослободена територийа на Йугославийа,койа поред другото ке цензурира и целата дневна и повремена штампа,целата пошта и сите депеши пракйани во нашата земйа и иностранство.

Войната цензура забранйава издаванйе на публикации и други печатни изданийа,како и испракйане на пошта и депеши:

кой откриват война тайна;

кой го слабат войниот напор на народот во Йугославийа,мобилизацийата,организацийата на тилот на воени цели,борбениот морал и т.н.

Кой штетат на войниот напор на сойузничките држави или би оделе на штета – морално или материйално на армиите на сойузничките држави;

кои се уперени против тековините на Народно Ослободителна борба и незиното успешно продолжуенйе,како и оние со които се омаловажуват тековините на овайа борба;

секойа врста прапаганда койа би одела на корист на Германските завоеватели,односно,койа би изразувала фашистките тенденции или одела да предизвиква братоубийствени борби и сукоби мегйу народите на Йугославийа./Ур.за война цензура от 18.XII.1944/

Войната цензура се образува во войно време како една нужна контрола,кой требе да спречи секойа една пойава,и разтуране на таквите тенденции кой не се во склад со карактерот и целите на Н.О.борба на нашите народи.

Сите предмети,койи се еднаш цензурисани,не подлегуйат на втора цензура.Истото важи и за сите званични писма и телеграми,испракйани от нашите войни и цивилни власти.

Што се однеси до нашите войни единици,одма требе да се организира цензура,за койа е директно отговорен полит.комесарот на единицата.Политичкиот комесар требе да ги цензурира во свойата единица сите зидни и др.вестници,сите програми на културно-просветни приредби и да организира цензура на сите писма,койи ги испракйат войниците.Исто така да се цензуришат писмата койи к пристигат во единиците,а кои предходно не се цензуридани.За тайа цел,ако има условийа нека се използуват отговорните во одсеците на пропагандата,койи постойат во единиците и койи,под контролата на полит.комесарот ке можат да йа вршат цензорска работа.Полит.комесарот да секое едно писмо,приредба или печатно изданйе,книги кои не отговорат на интересите на Н.О.борба требе одма да зима м мерки.За случайни грешки и грешки кои произлегуват от незнанйе,да им се укажуват на войниците нивните штетни последици,койи одат во полза на непрййателот.Да се настойава да се избегават тие грешки, како не би се повторувале.Ако се пак найде некойа злонамерна грешка,направена от лугйе непрййателски настроени на нашата борба со саботажна цел,тогай войниот цензор,односно,полком на единицата го предава той случай преко войните или цивилни власти за поступак.

./.

2879 8692

Институт за нац. историја Архив Скопје

2

Во последно време по нашите градови и села се приредуйат от политичката организацийа Н.О.Ф. /НОМСМ и АФЖ/ - така и от вредит войската, културно-просветни забави за народот. Програмите на тие забави до денеска не бивале контролирани от политичките комесари на войните единици, команди подручийа и места, па према това се правеле и уште се правзат извесни отклоненийа от линийата на Н.О. борба. Пропустите ги користат, фаворизирайат неприйателски настроените елементи спроти нашата народна власт. Да би се ставило край на това зло НИЕДНА ЗАБАВА НЕ МОЖЕ ДА СЕ ОДРЖИ, АКО НЕ БИДЕ ОДОБРЕНА ОД ПОЛ.КОМЕСАРОТ НА КОМАНДА ПОДРУЧИЕТО ИЛИ МЕСТОТО И ВОЙНИОТ ЦЕНЗОР ПРИ ПОСОЧЕНИТЕ УСТАНОВИ.

Затова програмот, кой требе да се изнесе на забавата, нужно е, благовремено /най-малку на два дена пред приредбата/ да се достави на пол.комесарите, а той заедно со войниот цензор да го прегледат и да си го дадат мнението.

По той начин ке се избегнат пропустите и културно просветните приредби би отговориле на организационно-политичките и к културните задаци, кои ги поставуе денешниот момент.

Од секойа одобрена програма да ни се доставуе куso резуме, а от скечевите, песмите и други литературни, забавни сочиненийа кои не се публикувани да ни се достави по еден примерак.

СМРТ НА ФАШИЗАМОТ! - СЛОБОДА НА НАРОДОТ!

ПОЛ.КОМЕСАР: ЦЕНЗОР: КОМАНДАНТ:

[signature] [stamp] [signature]

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

100 дин